# Службен гласник
## на Општина Струмица

| Број 1 | Четврток, 29 јануари 2015 год. |
|---|---|

*www.strumica.gov.mk*


**С о д р ж и н а**

**Совет на општина Струмица:**


| Рег. бр. | | Стр. |
|---|---|---|
| 1. | **Програма** за работа на Советот на Општина Струмица во 2015 година .. | 2 |
| 2. | **Статутарна одлука** за измена на Статутот на општина Струмица ........... | 8 |
| 3. | **Одлука** за отстапување товарно возило на ЈОУДГ „Детска Радост“ Струмица ..... | 9 |
| 4. | **Одлука** за прифаќање на проект за изградба на пешачка патека (тротоари) на магистрален пат А4 во с. Дабиле .... | 9 |
| 5. | **Одлука** за определување проценувачи на пазарната вредност на недвижниот имот како даночна основа при утврдувањето на даноците на имот на подрачјето на општина Струмица ........ | 10 |
| 6. | **Одлука** за измена и дополнување на Одлуката за определување на имиња на улици на подрачјето на град Струмица ............................................. | 11 |
| 7. | **Одлука** за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 2774/1 КО Банско .............................. | 12 |
| 8. | Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 7902 КО Струмица …………………… | 12 |
| 9. | **Одлука** за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура на КП бр. 2142/1 и 2142/2 КО Струмица ................. | 13 |
| 10. | **Одлука** за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура на КП бр. 1064 КО Сачево ...................................... | 14 |
| 11. | **Одлука** за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура на КП бр. 6342/1 КО Струмица ............................... | 14 |
| 12. | **Одлука** за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за проширување на планскиот опфат и за усогласување на намената на градежно земјиште за КП бр. 4659 КО Струмица ............................... | 15 |

**13.** **Одлука** за утврдување Нацрт ДУП за дел од блок 16 и измена и дополнување на дел од блок 15, Урбана единица 2 во Струмица, општина Струмица 2014-2019 16

**14.** **Одлука** за утврдување Нацрт ДУП за дел од блок 42, Урбана единица 5 во Струмица, општина Струмица 2014-2019 16

**15.** **Предлог – План** за запишување на ученици во I година во Средните општински училишта во Општина Струмица во учебната 2015/2016 година 17

**16.** **Програма** за подготовка и реализација на Струмичкиот карневал во 2015 година .................................................. 20

**17.** **Програма** за решавање на проблемот со бездомните кучиња на подрачјето на Општина Струмица .................................. 25

**18.** **Програма** за дополнување на Програмата за одбележување на значајни настани и личности со спомен-обележја во Општина Струмица ............ 26

**19.** **Заклучок** за усвојување на Извештајот за реализацијата и меѓународните активности на Струмичкиот карневал – 2014 ...................................................... 27

**20.** **Заклучок** за усвојување на Извештај за извршените работни задачи на Територијалната професионална противпожарна единица – Струмица за 2014 година ............................................ 28


---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10 и 21/10), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Програмата за работа на Советот на општина Струмица за 2015 година

Се објавува Програмата за работа на Советот на општина Струмица за 2015 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 27.01.2015 година.

Бр. 09-752/2 Општина Струмица
29.01.2015 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

...................................

1.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) и член 20 став 1 точка 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10 и 21/10), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.01.2015 година, донесе

**П р о г р а м а**
**за работа на Советот на општина Струмица за 2015 година**

**I. Општ дел**

Програмата за работа на Советот на општина Струмица во 2015 година, се базира на надлежностите на Советот пропишани со Уставот на Република Македонија, Законот за локална самоуправа и другите закони кои се однесуваат на функционирањето на локалната самуправа како и Статутот на општина Струмица и Деловникот за работа на Советот на општина Струмица.

Програмата овозможува основни насоки по кои ќе се раководи Советот, обезбедува транспарентност, но и простор за нејзино проширување и дополнување од овластени предлагачи и други заинтересирани субјекти и поединци.

**II. Посебен дел**

**Јануари – јули 2015 год.**

**1.** Информација за јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот на подрачјето на општина Струмица за втората половина од 2014 година.
**Изработува:** СВР Струмица
**Разгледува:** Комисија за јавна безбедност, безбедност во сообраќајот и противпожарна заштита
**Усвојува**: Совет на општина Струмица

2. **Завршна сметка на Буџетот на општина Струмица за 2014 година;**
**Изработува:** Сектор за финансиски прашања
**Разгледува**: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
**Усвојува:** Совет на општина Струмица

3. **Извештај за реализација на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Струмица за 2014 година;**
**Изработува**: Одделение за комунални работи
**Разгледува:** Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
**Усвојува:** Совет на општина Струмица

4. **Извештај за реализација на Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици на територијата на Општина Струмица за 2014 година;**
**Изработува:** Одделение за комунални работи
**Разгледува:** Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
**Усвојува:** Совет на општина Струмица

5. **Извештај за реализација на Програмата за одржување на јавното осветлување на подрачјето на општина Струмица за 2014 година;**
**Изработува:** ЈП „Паркиралишта – Струмица"
**Разгледува**: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
**Усвојува:** Совет на општина Струмица

6. **Извештај за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Струмица за 2014 година;**
**Изработува:** Одделение за урбанизам
**Разгледува:** Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
**Усвојува:** Совет на општина Струмица

7. **Извештај за реализација на Програмата за одржување на јавното зеленило во 2014 година;**
**Изработува:** ЈПКД „Комуналец" Струмица
**Разгледува:** Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
**Усвојува:** Совет на општина Струмица

8. **Извештај за реализација на Програмата за одржување на јавната чистоќа во 2014 година**;
**Изработува:** ЈПКД „Комуналец" Струмица
**Разгледува:** Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
**Усвојува:** Совет на општина Струмица

9. **Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Струмица од областа на културата во 2014 година;**
**Изработува:** Одделение за јавни дејности
**Разгледува:** Комисија за култура образование и спорт
**Усвојува:** Совет на општина Струмица

10. **Извештај за реализација Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на спорт и млади во 2014 година;**
**Изработува:** Одделение за јавни дејности
**Разгледува:** Комисија за култура образование и спорт
**Усвојува:** Совет на општина Струмица

11. **Извештај за реализација на Програмата за активностите на општина Струмица во областа на локалниот економски развој и туризмот во 2014 година**
**Изработува:** Сектор за локален економски развој и заштита на животната средина
**Разгледува:** Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
**Усвојува:** Совет на општина Струмица

12. **Извештај за реализација на Програмата за активностите на општина Струмица за областа на социјалната заштита во 2014 година**;
**Изработува:** Одделение за јавни дејности
13. **Разгледува**: Комисија за здравствена заштита, социјална заштита и заштита на децата.
**Усвојува:** Совет на општина Струмица

14. **Извештај за реализација на Програмата за активностите на општина Струмица за поддршката на НВО секторот во 2014 година**;
**Изработува:** Сектор за локален економски развој
**Разгледува:** Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
**Усвојува:** Совет на општина Струмица

**15. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и справувањето со кризи во 2014 година;**

**Изработува:** Одделение за општи и правни работи и ТППЕ – Струмица.

**Разгледува:** Комисија за јавна безбедност, безбедност во сообраќајот и противпожарна заштита

**Усвојува:** Совет на општина Струмица

**16. Извештај за реализација на Програмата за подготовка и реализација на Струмичкиот карневал во 2014 година;**

**Изработува**: Организациониот одбор на Струмичкиот карневал;

**Разгледува:** Комисија за култура, образование и спорт; и
Комисија за општествени дејности;

**Усвојува:** Совет на општина Струмица

**17. Извештај за реализација на Програмата за одржување и заштита на локални патишта и улици на територијата на општина Струмица за 2014/2015 година во зимски услови;**

**Изработува:** Одделение за комунални работи

**Разгледува:** Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата

**Усвојува:** Совет на општина Струмица

**18. Квартални извештаи за извршувањето на Буџетот на општина Струмица во 2015 година;**

**Изработува:** Сектор за финансиски прашања

**Разгледува:** Комисија за финансии, буџет и локален економски развој

**Усвојува:** Совет на општина Струмица

**19. Извештај за работата на ЈПКД "Комуналец" за 2014 година;**

**Изработува:** ЈПКД "Комуналец" Струмица

**Разгледува**: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата

**Усвојува:** Совет на општина Струмица

**20. Финансов извештај за работата на ЈПКД "Комуналец" со Завршна сметка за 2014 година;**

**Изработува:** ЈПКД "Комуналец" Струмица

**Разгледува:** Комисија за финансии, буџет и локален економски развој

**Усвојува:** Совет на општина Струмица

**21. Извештај за работата на ЈП "Паркиралишта-Струмица" за 2014 година;**

**Изработува:** ЈП "Паркиралишта - Струмица" Струмица

**Разгледува:** Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата

**Усвојува:** Совет на општина Струмица

**22. Финансов извештај за работата на ЈП "Паркиралишта - Струмица " со Завршна сметка за 2014 година;**

**Изработува:** ЈП „Паркиралишта" Струмица

**Разгледува:** Комисија за финансии, буџет и локален економски развој

**Усвојува:** Совет на општина Струмица

**23. Извештај за работата на ЈП "Струмица-гас" за 2014 година;**

**Изработува:** ЈП "Струмица гас" Струмица

**Разгледува:** Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата

**Усвојува:** Совет на општина Струмица

**24. Финансов извештај за работата на ЈП "Струмица-гас" со Завршна сметка за 2014 година;**

**Изработува:** ЈП „Струмица - гас" Струмица

**Разгледува:** Комисија за финансии, буџет и локален економски развој

**Усвојува:** Совет на општина Струмица

**25. Годишни завршни сметки на Средните општински училишта за 2014 година и тоа:**

- **Средно општинско училиште "Јане Сандански" Струмица**
- **Средно општинско училиште "Димитар Влахов" Струмица,**
- **Средно општинско училиште "Никола Карев" Струмица**

**Изработуваат:** Училиштата

**Разгледува:** Комисија за финансии, буџет и локален економски развој

**Усвојува:** Совет на општина Струмица

**26. Годишни завршни сметки на Основните општински училишта и предучилишни установи за 2014 година и тоа:**

- **ОУ "Никола Вапцаров" Струмица;**
- **ОУ "Сандо Масев" Струмица;**
- **ОУ "Видое Подгорец" Струмица;**
- **ОУ "Маршал Тито" Струмица;**
- **ОУ "Даме Груев" Куклиш;**
- **ОУ "Маршал Тито" Муртино;**
- **ОУ "Гоце Делчев" Вељуса;**
- **ОУ "Св. Кирил и Методиј" Дабиле;**
- **ОУ "Герас Цунев" Просениково;**

- **Основното музичко училиште “Боро Џони” Струмица;**
- **ЈОУДГ “Детска радост” Струмица**

**Изработуваат:** Училиштата и ЈОУДГ “Детска Радост” Струмица
**Разгледува:** Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
**Усвојува:** Совет на општина Струмица

**27. Извештај за работата со годишна завршна сметка на Дом за деца и млади “Благој Мучето” Струмица за 2014 година;**

**Изработува:** Дом за деца и млади “Благој Мучето”
**Разгледува:** Комисија за финансии, буџет и локален економски развој и Комисија за култура, образование и спорт.
**Усвојува:** Совет на општина Струмица

**28. Извештај за работата со Годишна завршна сметка на ЛУБ “Благој Јанков - Мучето” Струмица, за 2014 година;**

**Изработува:** ЛУБ “Благој Јанков Мучето” Струмица
**Разгледува:** Комисија за финансии, буџет и локален економски развој и Комисија за култура, образование и спорт.
**Усвојува:** Совет на општина Струмица

**29. Буџетски календар за подготовка на Буџетот на општина Струмица во 2016 година;**

**Изработува**: Сектор за финансиски прашања
**Разгледува:** Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
**Усвојува:** Совет на општина Струмица

**30.** Информација за јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот на подрачјето на општина Струмица за првите шест месеци од 2015 година

**Изработува:** СВР Струмица
**Разгледува:** Комисија за јавна безбедност, безбедност во сообраќајот и противпожарна заштита
**Усвојува:** Совет на општина Струмица

## Септември – декември 2015 г.

**31. Квартални извештаи за извршувањето на Буџетот на општина Струмица во 2015 година;**

**Изработува:** Сектор за финансиски прашања
**Разгледува:** Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
**Усвојува**: Совет на општина Струмица

**32. Извештаи за работа на средните училишта во Општина Струмица во учебната 2014/2015 година и тоа:**

- **СОУ “Јане Сандански” Струмица**
- **СОУ “Димитар Влахов” Струмица,**
- **СОУ “Никола Карев” Струмица.**

**Изработуваат:** Училиштата
**Разгледува:** Комисија за култура, образование и спорт
**Усвојува:** Совет на општина Струмица

**33. Извештаи за работа на основните училишта во Општина Струмица во учебната 2014/2015 година и тоа:**

- **ОУ “Никола Вапцаров” Струмица;**
- **ОУ “Сандо Масев” Струмица**
- **ОУ “Видое Подгорец” Струмица,**
- **ОУ “Маршал Тито” Струмица,**
- **ОУ “Даме Груев” Куклиш,**
- **ОУ “Маршал Тито” Муртино,**
- **ОУ “Гоце Делчев” Вељуса**
- **ОУ “Св. Кирил и Методиј” Дабиле,**
- **ОУ “Герас Цунев” Просениково**

**Изработуваат:** Училиштата
**Разгледува:** Комисија за култура, образование и спорт
**Усвојува:** Совет на општина Струмица

**34. Извештај за работа на Основното музичко училиште “Боро Џони” Струмица во учебната 2014/2015** година;

**Изработува:** ОМУ “Боро Џони” Струмица
**Разгледува:** Комисија за култура, образование и спорт
**Усвојува:** Совет на општина Струмица

**35. Извештај за работа на ЈОУДГ “Детска радост” – Струмица во учебната 2014/2015 година;**

**Изработува:** ЈОУДГ “Детска радост” – Струмица
**Разгледува:** Комисија за култура, образование и спорт
**Усвојува:** Совет на општина Струмица

**36. Предлог - Годишни програми за работа на општинските средни училишта во Општина Струмица во учебната 2015/2016 година и тоа:**

- **СОУ “Јане Сандански” Струмица;**
- **СОУ “Димитар Влахов” Струмица;**
- **СОУ “Никола Карев” Струмица;**

**Изработуваат:** Училиштата
**Разгледува:** Комисија за култура, образование и спорт
**Усвојува:** Совет на општина Струмица

**37. Предлог-Годишни програми за работа на општинските основни училишта во Општина Струмица во учебната 2015/2016година и тоа:**

- **ОУ "Никола Вапцаров" Струмица;**
- **ОУ "Сандо Масев" Струмица**
- **ОУ "Видое Подгорец" Струмица,**
- **ОУ "Маршал Тито" Струмица,**
- **ОУ "Даме Груев" Куклиш,**
- **ОУ "Маршал Тито" Муртино,**
- **ОУ "Гоце Делчев" Вељуса**
- **ОУ "Св. Кирил и Методиј" Дабиле,**
- **ОУ "Герас Цунев" Просениково**

**Изработуваат:** Училиштата
**Разгледува:** Комисија за култура, образование и спорт
**Усвојува:** Совет на општина Струмица

**38. Предлог-Годишна програма за работа на Основно музичко училиште "Боро Џони" Струмица за учебната 2015/2016 година;**

**Изработува:** ОМУ "Боро Џони" Струмица
**Разгледува:** Комисија за култура, образование и спорт
**Усвојува:** Совет на општина Струмица

**39. Предлог-Годишна програма за работа на ЈОУДГ "Детска Радост" - Струмица за учебната 2015/2016 година;**

**Изработува:** ЈОУДГ "Детска радост" – Струмица
**Разгледува:** Комисија за култура образование и спорт
**Усвојува**: Совет на општина Струмица

**40. Информација за организираниот превоз на учениците на подрачјето на Општина Струмица**

**Изработува:** Одделение за образование
**Разгледува:** Комисија за култура, образование и спорт
**Усвојува**: Совет на општина Струмица

**41. Програма за одржување и заштита на локални патишта и улици на територијата на општина Струмица за 2015/2016 година во зимски услови;**

**Изработува:** Одделение за комунални работи
**Разгледува:** Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
**Усвојува:** Совет на општина Струмица

**42. Програма за работа на ЈПКД "Комуналец" за 2016 година**;

**Изработува:** ЈПКД "Комуналец"
**Разгледува:** Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
**Усвојува:** Совет на општина Струмица

**43. Програма за работата на ЈП "Паркиралишта-Струмица" за 2016 година;**

**Изработува:** ЈПКД "Комуналец"
**Разгледува:** Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
**Усвојува:** Совет на општина Струмица

**44. Програма за работата на ЈП "Струмица-гас" за 2016 година;**

**Изработува:** ЈПКД "Струмица-гас" Струмица
**Разгледува:** Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
**Усвојува:** Совет на општина Струмица

**45. Програма за уредување на градежното земјиште на подрачјето на општина Струмица за 2016 година;**

**Изработува:** Одделение за комунални работи
**Разгледува:** Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
**Усвојува:** Совет на општина Струмица

**46. Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици на територијата на општина Струмица за 2016 година**;

**Изработува:** Одделение за комунални работи
**Разгледува:** Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
**Усвојува**: Совет на општина Струмица

**47. Програма за Јавното осветлување на општина Струмица за 2016 година;**

**Изработува:** Одделение за комунални работи
**Разгледува:** Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
**Усвојува:** Совет на општина Струмица

**48. Програма за донесување на урбанистички планови на подрачјето на Општина Струмица во 2016 година**;

**Изработува:** Одделение за урбанизам
**Разгледува**: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
**Усвојува** : Совет на општина Струмица

**49. Програма за одржување на јавната чистоќа во 2016 година;**
**Изработува:** ЈПКД „Комуналец“ Струмица
**Разгледува:** Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
**Усвојува:** Совет на општина Струмица

**50. Програма за активностите на Општина Струмица од областа на културата во 2016 година;**
**Изработува:** Одделение за јавни дејности
**Разгледува:** Комисија за култура образование и спорт
**Усвојува:** Совет на општина Струмица

**51. Програма за активностите на Општина Струмица во областа на спорт и млади во 2016 година;**
**Изработува:** Одделение за јавни дејности
**Разгледува:** Комисија за култура образование и спорт
**Усвојува:** Совет на општина Струмица

**52. Програма за активностите на општина Струмица во областа на локалниот економски развој и туризмот во 2016 година**
**Изработува:** Одделение за локален економски развој
**Разгледува:** Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
**Усвојува:** Совет на општина Струмица

**53. Програма за активностите на општина Струмица за областа на социјалната заштита во 2016 година**;
**Изработува:** Одделение за јавни дејности
**Разгледува:** Комисија за здравствена заштита, социјална заштита и заштита на децата.
**Усвојува:** Совет на општина Струмица

**54. Програма за активностите на општина Струмица за поддршката на НВО секторот во 2016 година**;
**Изработува:** Одделение за локален економски развој
**Разгледува:** Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
**Усвојува:** Совет на општина Струмица

**55. Програма за активностите на Општина Струмица во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и справувањето со кризи во 2016 година;**
**Изработува:** Одделение за општи и правни работи и ТППЕ Струмица
**Разгледува:** Комисија за јавна безбедност, безбедност во сообраќајот и противпожарна заштита
**Усвојува:** Совет на општина Струмица

**56. Програма – календар за одбележување на празници и манифестации во 2016 година;**
**Изработува:** Одделение за јавни дејности
**Разгледува:** Комисија за општествени дејности
**Усвојува:** Совет на општина Струмица

**57. Програма за реализацијата на Струмички карневал – 2016 год.**
**Изработува**: Организационен одбор на Струмичкиот карневал
**Разгледува:** Комисија за култура, образование и спорт
**Усвојува:** Совет на општина Струмица

**58. Предлог-Буџет на општина Струмица за 2016 година;**
**Изработува:** Сектор за финансиски прашања
**Разгледува**: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
Усвојува: Совет на општина Струмица

**59. Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на општина Струмица за 2016 година;**
**Изработува**: Сектор за финансиски прашања
**Разгледува:** Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
**Усвојува:** Совет на општина Струмица

**60. Програма за работа на Советот на општина Струмица за 2016 година.**
**Изработува:** Комисија за изработка на Предлог-Програмата
**Разгледува:** Комисија за изработка на Предлог-Програмата
**Усвојува:** Совет на општина Струмица

## III. Нормативен дел

Овој дел од Програмата за работа на Советот на општина Струмица во 2015 година ја регулира нормативната дејност на Советот односно донесување на програми, одлуки, решенија и заклучоци од надлежност на Советот, како и акти за усогласување со постојните прописи и прописите што ќе бидат донесени во текот на 2015 година од страна на државните органи.

Материјалите утврдени со Програмата и другите акти по кои Советот ќе се произнесува во текот на 2015 година претходно ќе ги разгледуваат комисиите при Советот на општина Струмица, согласно надлежностите утврдени со Статутот на општина Струмица.

**IV. Завршен дел**

За извршување на Програмата се задолжуваат предлагачите, изготвувачите и сите останати учесници, да се придржуваат на роковите утврдени со Програмата.

Во текот на 2015 година, Советот на општина Струмица ќе ги разгледува и сите дополнителни прашања што ќе произлезат од тековното работење.

Програмата за работа на Советот на општина Струмица за 2015 година, ќе се објави во „Службен гласник на општина Струмица".

Бр.08-752/1 Совет на општина Струмица
27.01.2015 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

....................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10 и 21/10), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Статутарната Одлука за измена на Статутот на општина Струмица

Се објавува Статутарната Одлука за измена на Статутот на општина Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 27.01.2015 година.

Бр. 09-753/2 Општина Струмица
29.01.2015 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

................................

**2.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02) и член 20 став 1 точка 1 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10 и 21/10), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.01.2015 година, донесе

**С т а т у т а р н а О д л у к а**
**за измена на Статутот на општина Струмица**

Член 1

Во Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10 и 21/10) во член 25 став 1 алинеја 9 се менува и гласи: „- Комисија за еднакви можности на жените и мажите;".

Член 2

Член 35 се менува и гласи:

„Комисијата за еднакви можности на жените и мажите разгледува прашања и утврдува предлози кои што се однесуваат на еднаквите можности на жените и мажите и недискриминацијата на подрачјето на општина Струмица, согласно надлежностите на општина Струмица, утврдени со прописите од областа на локалната самоуправа, а особено:

- дава мислење по однос на материјалите и предлозите за седниците на Советот на општина Струмица;
- учествува при креирањето и донесувањето на стратешките документи, особено при креирањето и донесувањето на стратегијата за развој на општина Струмица, донесувањето на Буџетот на општина Струмица, Статутот на општина Струмица, програмата за работа на Советот на општина Струмица и друго;
- идентификува и дава предлози за начините на инкорпорирање и формализирање на принципот на еднакви можности и недискриминацијата во работата на органите на општината и општинската администрација; и
- се грижи за доследно спроведување на одредбите од Законот за еднакви можности на жените и мажите како и други закони од областа на еднаквите можности и недискриминацијата и на Советот на општина Струмица му предлага мерки и активности во насока на унапредување на еднаквите можности и недискриминацијата врз основа на анализа на утврдените состојби во областите од надлежност на општина Струмица."

Член 3

Оваа Статутарна Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица".

Бр. 08-753/1 Совет на општина Струмица
27.01.2015 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

..............................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10 и 21/10), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за отстапување товарно возило на ЈОУДГ „Детска Радост“ Струмица

Се објавува Одлуката за отстапување товарно возило на ЈОУДГ „Детска Радост“ Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 27.01.2015 година.

Бр. 09-754/2 Општина Струмица
29.01.2015 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

......................................

**3.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10 и 21/10), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.01.2015 година, донесе

**О д л у к а**
**за отстапување товарно возило на ЈОУДГ „Детска Радост“ Струмица**

Член 1

Товарното возило: VOLKSWAGEN, Тип/модел: Caddy GP Trendline Plus 1.6 TDI, Зафатнина на цилиндрите: 1598 ccm, Моќност: 55 KW, Година на производство: 2014, Тежина: 1536 кг., Број на шасија: WV1ZZZ2KZFX026712, Број на мотор: CAY AH0948, Боја: B4B4 Бела, Број на седишта: 5, Нето носивост 717 кг., сопственост на општина Струмица, без надомест се отстапува во трајна сопственост на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „Детска Радост“ Струмица.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 08-754/1 Совет на општина Струмица
27.01.2015 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

.........................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10 и 21/10), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за прифаќање на проект за изградба на пешачка патека (тротоари) на магистрален пат А4 во с. Дабиле

Се објавува Одлуката за прифаќање на проект за изградба на пешачка патека (тротоари) на магистрален пат А4 во с. Дабиле, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 27.01.2015 година.

Бр. 09-755/2 Општина Струмица
29.01.2015 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

...................................

**4.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10 и 21/10), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.01.2015 година, донесе

**О д л у к а**
**за прифаќање на проект за изградба на пешачка патека (тротоари) на магистрален пат А4 во с. Дабиле**

Член 1

Се прифаќа проектот „Подобрување на условите за квалитетен живот и безбедност на граѓаните од населените места низ кој поминуваат патиштата А4, Р1105 и Р1102 во ЈИПР“ за изградба на пешачка патека (тротоари) на магистрален пат А4 во с. Дабиле со вкупна вредноста од 2.029.364,00 денари.

Член 2

За реализација на проектот од член 1 на оваа Одлука Општина Струмица обезбедува сопствено учество од 634.692,00 денари за реализација на проектот.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 08-755/1 Совет на општина Струмица
27.01.2015 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

.................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10 и 21/10), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за определување проценувачи на пазарната вредност на недвижниот имот како даночна основа при утврдувањето на даноците на имот на подрачјето на општина Струмица

Се објавува Одлуката за определување проценувачи на пазарната вредност на недвижниот имот како даночна основа при утврдувањето на даноците на имот на подрачјето на општина Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 27.01.2015 година.

Бр. 09-756/2 Општина Струмица
29.01.2015 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

..........................................

**5.**

Врз основа на член 5 став 2 од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12 и 188/13), член 7 од Законот за процена („Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/10, 158/11, 185/11, 64/12 и 188/14) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10 и 21/10), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.01.2015 година, донесе

**О д л у к а**
**за определување проценувачи на пазарната вредност на недвижниот имот како даночна основа при утврдувањето на даноците на имот на подрачјето на општина Струмица**

Член 1

Со оваа Одлука се определуваат проценувачи - вработени во администрацијата на Општина Струмица, што ќе вршат процена на пазарната вредност на недвижниот имот како даночна основа при утврдувањето на даноците на имот на подрачјето на општина Струмица.

Член 2

Како овластени проценувачи на утврдувањето на пазарната вредност на недвижностите се определуваат:

1. Ацо Киров, Инспекторат – Сектор за инспекциски работи;
2. Снежана Орцева, Инспекторат – Сектор за инспекциски работи;
3. Светлана Пиличева, Сектор за финансиски прашања;
4. Павле Малинов – Сектор за урбанизам и комунални работи;
5. Ѓорги Стојанов – Сектор за урбанизам и комунални работи;
6. Душко Василев – Сектор за финансиски прашања.

Овластените проценувачи од ставот 1 на овој член, покрај редовните работи и работни задачи ќе вршат дополнителни работи и работни задачи како овластени проценувачи на утврдувањето на пазарната вредност на недвижностите.

Член 3

На лицата од членот 2 на оваа Одлука за вршењето на дополнителните работи и работни задачи како проценувачи им се утврдува надоместок од 100 денари од предмет, согласно трошоците во постапката.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 08-756/1 Совет на општина Струмица
27.01.2015 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

.....................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10 и 21/10), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за определување на имиња на улици на подрачјето на град Струмица

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за определување на имиња на улици на подрачјето на град Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 27.01.2015 година.

Бр. 09-757/2 Општина Струмица
29.01.2015 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

...............................

**6.**

Врз основа на член 4 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 55/07, 145/10, 136/11 и 163/13 ), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10 и 21/10), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.01.2015 година, донесе

**О д л у к а**
**за измена и дополнување на Одлуката за определување на имиња на улици на подрачјето на град Струмица**

Член 1

Во Одлуката за определување на имиња на улици на подрачјето на град Струмица број 07-8464/1 од 05.12.2014 година („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 16/14) во член 2 став 1 алинеја 9 точката на крајот се заменува со запирка и се додава нова алинеја 10 која гласи:

„- На дел од регионалниот пат Р1403, од точка 5001 до 5018 се определува името „Астраион“.

Член 2

Член 6 се менува и гласи:

„Во Урбаните блокови 17 и 17-1 се врши следното определување на имиња на улици:

- Улиците со технички број „5“ и „7“ се спојуваат, односно на улицата од точка 5025-3, 5025-5 до 5025-1 се определува името „Георги Сувариев“,
- На улицата од точка 5025-2 до 5025-4, со технички број „6“ се определува името „Наско Џорлев“,
- На улицата од точка 5024-1 до 5024-3, со технички број „1“ се определува името „Христо Чернопеев“,
- Улиците со технички број „4“ и „2“ се спојуваат, односно на улицата од точка 5024-4 до 5024-2 се определува името „Блаже Конески“.“

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 08-757/1 Совет на општина Струмица
27.01.2015 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

......................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10 и 21/10), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 2774/1 КО Банско

Се објавува Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичо - планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 2774/1 КО Банско, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 27.01.2015 година.

Бр. 09-758/2 Општина Струмица
29.01.2015 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

...................................

**7.**

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14 и 199/14), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13 и 109/14) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10 и 21/10), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.01.2015 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко – планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 2774/1 КО Банско**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште за бесправниот објект, викенд куќа, кој се наоѓа на КП бр. 2774/1 КО Банско, во сопственост на Киро Ѓорѓиев од с. Муртино.

Согласно УПС на с. Банско, објектот на КП бр. 2774/1 КО Банско, се наоѓа на земјиште со намена хотелски комплекси, угостителски и туристички капацитети, на земјиште сопственост на Република Македонија.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 08-758/1 Совет на општина Струмица
27.01.2015 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

............................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10 и 21/10), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 7902 КО Струмица

Се објавува Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 7902 КО Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 27.01.2015 година.

Бр. 09-759/2 Општина Струмица
29.01.2015 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.........................................

**8.**

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14 и 199/14), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13 и 109/14) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10 и 21/10), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.01.2015 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 7902 КО Струмица**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште за бесправниот објект, станбена куќа, кој се наоѓа на КП бр. 7902 КО Струмица, во сопственост на Тимо Стојанов од Струмица.

Согласно ДУП за стар блок бр. 8, објектот на КП бр. 7902 КО Струмица, се наоѓа во зона со намена домување во станбени куќи, но зафаќа површина од две градежни парцели, на земјиште сопственост на Република Македонија - корисник РО Комуналец - Струмица.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 08-759/1 Совет на општина Струмица
27.01.2015 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

...................................

.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10 и 21/10), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура на КП бр. 2142/1 и 2142/2 КО Струмица

Се објавува Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура на КП бр. 2142/1 и 2142/2 КО Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 27.01.2015 година.

Бр. 09-760/2 Општина Струмица
29.01.2015 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.................................

**9.**

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14 и 199/14), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13 и 109/14) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10 и 21/10), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.01.2015 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура на КП бр. 2142/1 и 2142/2 КО Струмица**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура за утврдување правен статус на бесправен објект, доградба на станбена куќа, кој се наоѓа на КП бр. 2142/1 и 2142/2 КО Струмица, во сопственост на Иван Ристов од Струмица.

Согласно ДУП за Блок бр. 21, објектот на КП бр. 2142/1 и 2142/2 КО Струмица, навлегува на траса на проектирана сообраќајна инфраструктура, на земјиште сопственост на Иван Ристов (КП бр. 2142/1) и Република Македонија (КП бр. 2142/2).

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 08-760/1 Совет на општина Струмица
27.01.2015 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

…………….........…

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10 и 21/10), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура на КП бр. 1064 КО Сачево

Се објавува Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура на КП бр. 1064 КО Сачево, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 27.01.2015 година.

Бр. 09-761/2 Општина Струмица
29.01.2015 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

..............................

**10.**

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14 и 199/14), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13 и 109/14) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10 и 21/10), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.01.2015 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура на КП бр. 1064 КО Сачево**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура за утврдување правен статус на бесправен објект, станбена куќа и помошен објект, кој се наоѓа на КП бр. 1064 КО Сачево, во сопственост на Стојан Стојанов од с. Сачево.

Согласно УП за с. Сачево, објектот на КП бр. 1064 КО Сачево, навлегува на траса на проектирана сообраќајна инфраструктура, на земјиште сопственост на Република Македонија – корисник ЈП за стопанисување со пасишта.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 08-761/1 Совет на општина Струмица
27.01.2015 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

...................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10 и 21/10), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура на КП бр. 6342/1 КО Струмица

Се објавува Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура на КП бр. 6342/1 КО Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 27.01.2015 година.

Бр. 09-762/2 Општина Струмица
29.01.2015 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.................................

**11.**

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14 и 199/14), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13 и 109/14) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10 и 21/10), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.01.2015 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура на КП бр. 6342/1 КО Струмица**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура за утврдување правен статус на бесправен објект, проширување на доградба на станбена куќа, кој се наоѓа на КП бр. 6342/1 КО Струмица, во сопственост на Трајко Ќучуков од Струмица.

Согласно ДУП за Блок бр. 11, објектот на КП бр. 6342/1 КО Струмица, навлегува на траса на проектирана сообраќајна инфраструктура, на земјиште сопственост на Република Македонија.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 08-762/1 Совет на општина Струмица
27.01.2015 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

………………………………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10 и 21/10), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за проширување на плански опфат и за усогласување на намената на градежно земјиште за КП бр. 4659 КО Струмица

Се објавува Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за проширување на плански опфат и за усогласување на намената на градежно земјиште за КП бр. 4659 КО Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 27.01.2015 година.

Бр. 09-763/2 Општина Струмица
29.01.2015 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

....................................

**12.**

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14 и 199/14), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13 и 109/14) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10 и 21/10), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.01.2015 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за проширување на плански опфат и за усогласување на намената на градежно земјиште за КП бр. 4659 КО Струмица**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за проширување на плански опфат и вклопување на бесправниот објект, станбена куќа, кој се наоѓа на КП бр. 4659 КО Струмица, во сопственост на лицето Илинка Малинова од Струмица.

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште за бесправниот објект, станбена куќа, кој се наоѓа на КП бр. 4659 КО Струмица, во сопственост на Илинка Малинова од Струмица.

Согласно ГУП на град Струмица, објектот на КП бр. 4659 КО Струмица, се наоѓа во зона за заштитно зеленило, надвор од градежниот опфат, на земјиште сопственост на Република Македонија.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден, од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 08-763/1 Совет на општина Струмица
27.01.2015 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

……………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10 и 21/10), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување Нацрт ДУП за дел од блок 16 и измена и дополнување на дел од блок 15, Урбана единица 2 во Струмица, општина Струмица 2014-2019

Се објавува Одлуката за утврдување Нацрт ДУП за дел од блок 16 и измена и дополнување на дел од блок 15, Урбана единица 2 во Струмица, општина Струмица 2014-2019, донесена

на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 27.01.2015 година.

Бр. 09-764/2 Општина Струмица
29.01.2015 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

..................................

**13.**

Врз основа на член 11 и 22 од од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 51/05, 137/07, 151/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10 и 21/10), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.01.2015 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување Нацрт ДУП за дел од блок 16 и измена и дополнување на дел од блок 15, Урбана единица 2 во Струмица, општина Струмица 2014-2019**

Член 1

Се утврдува Нацрт ДУП за дел од блок 16 и измена и дополнување на дел од блок 15, Урбана единица 2 во Струмица, општина Струмица 2014-2019.

Член 2

Со овој Урбанистички план се опфаќа простор со површина од 70.216 $m^2$. Просторот на планскиот опфат на ДУП за дел од блок 16 и измена и дополнување на дел од блок 15, Урбана единица 2 во Струмица граничи:

- Од источна страна по источната страна на Г.П. бр.15.13 и дел од Г.П. бр.15.14 (од ДУП за Блок 15), па по осовина на улица со работно име У-3, по осовината на ул. У-6, по осовината на ул. У-1, по осовината на ул.У-2 согласно ДУП за блок 16;
- Од западна страна по западната граница на КП бр.2134/2, па по западната и јужната граница на КП бр.2134/12, па по источната страна на КП бр.2132/1, па по регулациона линија на ул.„Бр.2“ ( од ДУП за блок 15), по источната граница на Г.П.бр.15.10 (од ДУП за блок 15);
- Од јужна страна по осовината на собирна улица „Бр.8“ согласно ГУП; и
- Од северната страна по осовината на бул.„Гоце Делчев“.

Член 3

Нацрт ДУП за дел од блок 16 и измена и дополнување на дел од блок 15, Урбана единица 2 во Струмица, општина Струмица 2014-2019 е изработен од Друштвото за просторни и урбанистички планови, инженеринг и др. „Урбан“ доо - Штип со техн. број 183/14 од август 2014 година и се состои од:

- текстуален дел и графички приказ на планските рашенија на опфатот, како и нумерички дел со билансни показатели за планскиот опфат и за инфраструктурата

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 08-764/1 Совет на општина Струмица
27.01.2015 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

……………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10 и 21/10), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување Нацрт ДУП за дел од блок 42, Урбана единица 5 во Струмица, општина Струмица 2014-2019

Се објавува Одлуката за утврдување Нацрт ДУП за дел од блок 42, Урбана единица 5 во Струмица, општина Струмица 2014-2019, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 27.01.2015 година.

Бр. 09-765/2 Општина Струмица
29.01.2015 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.....................................

**14.**

Врз основа на член 11 и 22 од од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 51/05, 137/07, 151/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10 и 21/10), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.01.2015 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување Нацрт ДУП за дел од блок 42, Урбана единица 5 во Струмица, општина Струмица 2014-2019**

Член 1

Се утврдува Нацрт ДУП за дел од блок 42, Урбана единица 5 во Струмица, општина Струмица 2014-2019.

Член 2

Со овој Урбанистички план се опфаќа простор со површина од 50.278 $m^2$. Просторот на планскиот опфат на ДУП за дел од блок 42, Урбана единица 5 во Струмица граничи:

- Од северната страна по осовината на ул.„Бр.2“ согласно ДУП за блок 42;
- Од западната страна по осовината на ул.„Бр.1“ согласно ДУП за блок 42;
- Од јужна страна по осовината на ул.„Бр.1“ согласно ДУП за блок 42;
- Од источната страна по дел од осовината на ул.„Климент Охридски“ и по дел од осовината на реката „Водочница“.

Член 3

Нацрт ДУП за дел од блок 42, Урбана единица 5 во Струмица, општина Струмица 2014-2019 е изработен од Друштвото за просторни и урбанистички планови, инженеринг и др. „Урбан“ доо - Штип со техн. број 185/14 од август 2014 година и се состои од:

- текстуален дел и графички приказ на планските рашенија на опфатот, како и нумерички дел со билансни показатели за планскиот опфат и за инфраструктурата

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 08-765/1 Совет на општина Струмица
27.01.2015 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10 и 21/10), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Предлог – Планот за запишување на ученици во I година во Средните општински училишта во Општина Струмица во учебната 2015 / 2016 година

Се објавува Предлог – Планот за запишување на ученици во I година во Средните општински училишта во Општина Струмица во учебната 2015 / 2016 година, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 27.01.2015 година.

Бр. 09-766/2 Општина Струмица
29.01.2015 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.....................................

**15.**

Врз основа на член 42 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/0Врз основа на член 42 од Законот за средното образование („Службен вес3, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/2007, 81/08, 92/08, 33/2010, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14 и 135/14) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10 и 21/10), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.01.2015 година, донесе

**Предлог – План**
**за запишување на ученици во I година во Средните општински училишта во Општина Струмица во учебната 2015 / 2016 година**

**Училишта:**

1. **Средно општинско училиште “Јане Сандански” Струмица:**

Во прва година ќе се запишат вкупно **374** ученици распоредени во **11** паралелки на македонски наставен јазик, од кои во:

**Гимназиско образование:**
**238** ученици, распоредени во **7** паралелки, на македонски наставен јазик
**Стручно образование:**
**136** ученици распоредени во **4** паралелки на македонски наставен јазик и тоа на Економско-правна и трговска струка за профилот економски техничар во 3 паралелки и банкарски техничар во 1 паралелка.

**2. Средно општинско училиште "Никола Карев" Струмица**

Во прва година ќе се запишат вкупно **568** ученици, распоредени во **17** паралелки на македонски наставен јазик и тоа на следните струки во стручно образование:

| Струка | Профил | Ученици | | | | Паралелки | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | мак.ј. | алб.ј. | тур.ј | вкупно | мак.ј. | 3 годи-шно | 4 годи-шно | Вкупно |
| Машинска струка | Техничар за компјутерско управување | 34 | - | - | 34 | 1 | - | 1 | 1 |
| | Автотехничар-мехатроничар | 34 | - | - | 34 | 1 | - | 1 | 1 |
| | Машинист за термо постројки /бравар | 34 | | | 34 | 1 | 1 | - | 1 |
| | Автомеханичар (реформиран наставен план и програма) | 34 | - | - | 34 | 1 | 1 | - | 1 |
| | **Вкупно** | **136** | **-** | **-** | **136** | **4** | **2** | **2** | **4** |
| Текстилно-кожарска струка | Конфекциско компјутерски оператор | 34 | - | - | 34 | 1 | - | 1 | 1 |
| | Конфекциски техничар | 34 | - | - | 34 | 1 | - | 1 | 1 |
| | **Вкупно** | **68** | - | - | **68** | **2** | **-** | **2** | **2** |
| Електро-техничка струка | Електротехничар-енергетичар | 34 | - | - | 34 | 1 | - | 1 | 1 |
| | Екектроинсталатер и монтер (реформиран наставен план и програма) | 34 | - | - | 34 | 1 | 1 | - | 1 |
| | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | 34 | - | - | 34 | 1 | - | 1 | 1 |
| | Електромеханичар Г Т З | 24 | - | - | 24 | 1 | 1 | - | 1 |
| | **Вкупно** | **126** | - | - | **12 6** | **4** | **2** | **2** | **4** |
| Сообраќајна струка | Техничар за патен сообраќај | 34 | - | - | 34 | 1 | - | 1 | 1 |
| | Тех. за транспорт и шпед. | 34 | - | - | 34 | 1 | - | 1 | 1 |
| | **Вкупно** | **68** | - | - | **68** | **2** | **-** | **2** | **2** |
| Шумарско-дрво-пре-работувачка струка | Техничар за мебел и ентериер | 34 | - | - | 34 | 1 | - | 1 | 1 |
| | **Вкупно** | **34** | - | - | **34** | **1** | **-** | **1** | **1** |
| Применета ликовна уметност | Техничар за дизајн на облека | 34 | - | - | 34 | 1 | - | 1 | 1 |
| | **Вкупно** | **34** | - | - | **34** | **1** | **-** | **1** | **1** |
| Градежно-геодетска струка | Градежен техничар | 34 | - | - | 34 | 1 | - | 1 | 1 |
| | **Вкупно:** | **34** | - | - | **34** | **1** | **-** | **1** | **1** |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Геолошка – рударска и металуршка струка** | Рударско-геолошки техничар | 34 | - | - | 34 | 1 | - | 1 | 1 |
| | **Вкупно :** | **34** | **-** | - | - | **1** | | **1** | **1** |
| **Спортска гимназија - академ. паралелки** | **Фудбал/кошарка** | 34 | - | - | 34 | 1 | 1 | - | 1 |
| **Вкупно :** | | **34** | **-** | - | - | **1** | **1** | **-** | **1** |
| **С Е В К У П Н О:** | | **568** | **-** | - | 568 | **17** | **4** | **13** | **17** |

### 3. Средно општинско училиште “Димитар Влахов” Струмица

Во прва година ќе се запишат **374** ученици, распоредени во **11** паралелки на македонски наставен јазик и тоа на следните струки во стручно образование:

| **Струка** | **Профил** | **Ученици** | | | | **Паралелки** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **мак.ј.** | **алб.ј** | **тур.ј** | **вкупно** | **Мак. ј** | **3. годишно** | **4. годишно** | **вкупно** |
| **Земјоделско-ветеринарна струка** | **Техничар за фармерско производство** | 68 | - | | 68 | 2 | - | 2 | 2 |
| | **Градинар-цвеќар (реформиран наставен план и програма)** | 34 | - | - | 34 | 1 | 1 | - | 1 |
| | **Техничар за хортикултура** | 34 | - | - | 34 | 1 | - | 1 | 1 |
| | **Техничар за агроменаџмент** | 34 | - | - | 34 | 1 | - | 1 | 1 |
| | **Вкупно** | **170** | **-** | **-** | **170** | **5** | **1** | **4** | **5** |
| **Хемиско-технолошка струка** | **Преработувач на жито, брашно, шеќер** | 34 | - | - | 34 | 1 | 1 | - | 1 |
| | **Прехрамбен техничар** | 68 | - | - | 68 | 2 | | 2 | 2 |
| | **Вкупно** | **102** | **-** | **-** | **102** | **3** | **1** | **2** | **3** |
| **Здравствена струка** | **Фармацевтски-лабораториски техничар** | 34 | - | - | 34 | 1 | - | 1 | 1 |
| | **Медицинска сестра** | 34 | - | - | 34 | 1 | - | 1 | 1 |
| | **Физиотерапевтски техничар** | 34 | - | - | 34 | 1 | - | 1 | 1 |
| | **Вкупно** | **102** | **-** | **-** | **102** | **3** | **-** | **3** | **3** |
| **В К У П Н О** | | **374** | **-** | **-** | **374** | **11** | **2** | **9** | **11** |

Овој Предлог – План влегува во сила по објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“ а ќе се достави до Министерството за образование и наука, при Владата на Република Македонија.

Бр. 08-766/1 Совет на општина Струмица
27.01.2015 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10 и 21/10), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Програмата за подготовка и реализација на Струмичкиот карневал во 2015 година

Се објавува Програмата за подготовка и реализација на Струмичкиот карневал во 2015 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 27.01.2015 година.

Бр. 09-767/2 Општина Струмица
29.01.2015 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

..................................

**15.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10 и 21/10), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.01.2015 година, донесе

**П р о г р а м а**
**за подготовка и реализација на Струмичкиот карневал во 2015 година**

Струмичкиот карневал е културна манифестација која е директно поврзана со верскиот празник „Тримери“ односно со празникот Прочка, единствена од таков вид во Република Македонија, посветена на армасаните девојки. Бидејќи овие празници се поврзани со големиот христијански празник Велигден, кој ја менува датата, и времето на реализирањето на карневалските активности се менува. Главната карневалска вечер од секогаш се одржувала во вторник после Прочка, како продолжение на традицијата на маскирање и одење во куќите на армасаните девојки.

Од 2012 година на иницијатива на Младинскиот совет и МПЦ – Епархија Струмичка беше променет терминот на одржување на Интернационалната вечер на Струмичкиот карневал така да истиот се одржува во рамките на Тримерските свечености со тоа што Интернационалната поворка наместо во Вторник се одржува во Сабота пред Прочка односно пред почетокот на големиот Велигденски пост.

ОО на Струмичкиот карневал согласно Правилникот за организација на Струмичкиот карневал и одбележувањето на јубилејот 25 години од обновувањето на организираната форма на Струмичкиот карневал, до Советот на Општина Струмица ја предлага следната Програма за Карневалот 2015 година:

**18.02. (среда) 2015 год:**
- Детски маскенбал 18 - 20 часот

**19.02. (четврток) 2015 год:**

- Објавување на резултатите од конкурсот за најдобри остварувања на тема карневал – Матична библиотека ,,Благој Мучето“ - Струмица
- Изложба на фотографии од карневалот 2014 година Центар за култура - Струмица
- Концерт под маски на музичкото училиште „Боро Џони“

**- 20.02. (петок) 2015 година:**

- Свечено отварање на Струмичкиот карневал - 2015, со маскенбал и со избор на принц и принцеза на карневалот.

**21.02.(сабота) 2015 година:**

- Прием за претставници на карневалските групи и ВИП гостите

- Интернационална карневалска поворка – булевар Маршал Тито
- Carnival party - Карневалско дружење на гостите од странство со претставниците на карневалските групи од Струмица

- Целовечерна карневалска забава по кафулињата и ноќните клубови во градот

**22.02.(недела) 2015 година:**

- Традиционален Детски карневал по повод - Прочка ул. „Благој Мучето“ и плоштад Гоце Делчев

**23.02.(понеделник) 2015 година**

- Пресс конференција. Објавување на резултатите за најуспешните маски од Интернационалната карневалска вечер;
- Традиционална програма по повод чист понеделник, варење на бел грав;
- Отварање изложба на карикатури од наградниот конкурс на карикатура на тема Карневал;
- Доделување награди на наградниот конкурс за афоризми на тема Карневал;

**24.02.(вторник) 2015 година**

-- Струмички карневал – традиционално карневалско корзо со посета на домовите на армасаните;
- Промоција на книга со еротски афоризми - Пасворд еротика;
- Доделување на наградите од Интернационалната Карневалска вечер – Центар за култура.

**25.02.(Среда) 2015 година**

- Одбележување на Тримерските обичаи

Анализирајќи ги искуствата од последните два карневали, кога Струмичкиот карневал пред две години го достигна својот зенит по бројот на учесници, а минатата година по својот врвен квалитет како резултат на намалениот број учесници пред Одборот за организација на Струмичкиот карневал се наметнува дилемата што понатаму. Имајќи во предвид дека Карневалот во 2015 година одбележува 25 години од обновената организирана форма, период во кој Струмичкиот карневал од една локална манифестација прерасна во светски познат настан, препознаен од врвните медиумски куќи, пред Одборот стои една сериозна задача да го продолжи нагорниот од на Струмичкиот карневал. Дилемата е дали да се зачува формулата од минатата година кога имавме намален број на гости ( од оправдани причини) или да се оди на поголема масовност. Искуството од пред две години кога го имавме рекордот по присутни гости, покажа дека големиот број на гости од странство створи големи проблеми во сместувањето на гостите, а ги блокира и сите сместувачки капацитети за гости од страна кои сакаат да го поминат викендот за време на карневалот во Струмица. Ако се земе во предвид дека сместувањето на така голем број гости ангажира и голем дел од расположивите средства треба да се најде адекватен сооднос на бројот на гости од странство кои треба да се прифатат за учество. Уште еден аргумент што оди во прилог на оваа теза е исто така искуството од пред две години кога рекордниот број на учесници допринесе за предолго траење на поворката така да на крајот од истата, поради студеното време имавме видно повлекување на публиката и најдобрите карневалски групи кои традиционално настапуваа на крајот настапија пред полупразен плоштад. Уште еден момент кој оди во прилог до намалување на бројот на гостите е и наметнатата законска обврска за плаќање на персонален данок за сместувањето на гостите што дополнително ја оптоварува сумата за сместување така да во иднина кон овој проблем треба да се пристапи многу сериозно од две причини, првата да се овозможат поголем број на места во сместувачките капацитети за сместување на гостите- посетители на карневалот а евентуалната заштеда да се насочи кон Струмичките карневалски групи кои покажаа дека се меѓу најдобрите на овие простори но им е потребна дополнителна стимулација. За успешна организација на карневалот потребно е веќе направената анализа за недостатоците кои се јавија минатата година уште еднаш добро да се разгледа и да се превземат сите мерки воочените пропусти да бидат елиминирани. Посебен акцент ќе се даде на подобрување на условите за формирање редослед на поворката со доделување стартни броеви, пракса воведена минатата година но недоволно испочитувана од карневалските групи но и поради воочените пропусти во организацијата. И годинава поворката ќе биде предводена од Градоначалникот и официјалните лица со цел истата да добие на значај и да допринесе за

враќањето на гледачите вдолж маршрутата. Од исти причини посебно внимание ќе се посвети на поставување бина на стартот со сериозен водител кој ќе ги најавува групите на стартот а за да се спречи вклучувањето на карневалски групи во текот на траењето на поворката, жири комисијата ќе биде на стартот на поворката и групите и кај оваа бина ќе ги изведуваат своите точки.

Концертот под маски, кој минативе четири години, предизвика големо внимание ќе се реализира и годинава со најава за негова поспектакуларна димензија.

И годинава ќе се направи напор за продолжување на веќе воспоставената квалитетна содржина на Струмичкиот карневал, учество на карневалска група од некој од светски познатите карневали. Ова ќе биде посебно важно имајќи во предвид дека во 2015 година ќе го одбележиме 25 годишниот јубилеј од обновената организирана форма на Струмичкиот карневал. Веќе се испратени покани за карневалски групи од Финска, Белгија, Холандија, Италија, Турција и др. за нивно учество на Струмичкиот карневал.

Исто така испратени се покани за карневалски групи од окружувањето, Бугарија, Србија, Црна гора, Хрватска, Словенија и за прв пат Босна и Херцеговина.

Годинава не е упатена покана до карневалската група од Корча, Албанија поради нивниот некоректен однос минатата година.

Учеството на карневалски групи од Грција и покрај пројавената желба за соработка е неостварлива од фактот дека карневалите во Грција се организираат според православниот календар и секогаш се одржуваат во исто време со нашиот.

Ангажманот на артисти и акробати даде позитивен ефект минатата година така да Одборот ќе направи напор да обезбеди такви содржини во поголем обем и квалитет.

Силниот дожд кој паѓаше минатата година ќе го уништеше детскиот карневал и повеќе неделниот труд на родителите и воспитувачите но пред се радоста на децата да бидат дел од Струмичкиот карневал. Организациониот одбор во последен момент изнајде решение за одржување на детскиот карневал во подземниот паркинг под плоштадот што се покажа како одлична алтернатива во ситуација кога паѓа дожд, така да истиот ќе треба да се подготви за таа намена со дополнително осветлување, поставување на барикади за формирање маршута но и давање обврска до евентуалниот изнајмувач на овој простор за популарната „гаража парти“ да го расчисти просторот до почетокот на детскиот карневал. Кога сме кај оваа манифестација под плоштадот која се одржува веќе четири години за да се организира одамна посакуваната завршница на Струмичкиот карневал на која ќе се соберат сите учесници на карневалот, сметаме дека не ги исполни во целост очекувањата на организаторот од тој аспект како и очекуваниот материјален приход, иаку многу допринесе за понудата на забава после карневалот, така да годинава се размислува истата да биде реализирана во колку постои интерес но не како дел од програмата на Карневалот а предност да се даде на овој простор како алтернатива за организација на детскиот карневал.

Во карневалската поворка секоја година учествуваат и карневалски групи од повеќе градови од Република Македонија . Воведената пракса во последата година да се води сметка повеќе за квалитетот отколку за квантитетот допринесе до намалување на бројот на учесници но како што веќе рековме до енормно зголемување на квалитетот на карневалот.

Досегашното искуство покажа дека маскираните групи од Струмица и струмичко се вклучуваат со се поквалитетни маски благодарение на соработката со Одборот, така да овие контакти ќе продолжат и годинава.

Бидејќи таа соработка дава резултати ОО планира да организира предкарневалско дружење со карневалските групи кое ќе биде последна подготовка пред Карневалот.

Покрај за подготовка и реализација на Струмичкиот карневал Одборот за организација се грижи и за учеството на наши карневалски групи на карневалите во други градови во Македонија и други држави што допринесува за дополнителна афирмација на Струмичкиот карневал во земјата и странство. Од овие причини работата на Одборот за организација се одвива практично во текот на целата година а подготовката за наредниот карневал започнува непосредно по завршувањето на претходниот. Согласно одредбите на правилникот и традицијата во рамките на Струмичкиот карневал 2015 година ќе се реализираат следните активности:

Детскиот карневал ќе има ревијален карактер и нема да се наградуваат најуспешни маски.

Вклучувањето на маските во главната карневалска вечер има натпреварувачки карактер. Маскираните групи кои доаѓаат од други земји се вклучуваат во поворката вон конкуренција за награди.

Сите изминати години мото на Одборот за организација на Струмичкиот карневал беше дека секој нареден карневал треба да биде помасовен и поквалитетен од претходниот, но бидејќи како што веќе е кажано дека карневалот го достигна својот максимум по број на учесници и времетраење на поворката во иднина ќе се стимулира квалитетот на маските. За да го стимулира оваа начело, Организациониот одбор и годинава планира да додели повеќе стимулативни награди за групите кои ќе ги исполнат високите критериуми кои ќе бидат поставени како императив за учество на Струмичкиот карневал.

Маските вклучени во конкуренција во главната карневалска вечер се натпреваруваат во осум категории:
- категорија А: Групна маска со 50 и повеќе лица;
- категорија Б: Групна маска со 20 до 49 лица;
- категорија В: Групна маска со 10 до 19 лица;
- категорија Г: Мала група - изворна тема;
- категорија Д: Мала група - слободна тема;
- категорија Ѓ: Поединечна маска - изворна тема;
- категорија Е: Поединечна маска - слободна тема; и
- категорија Ж: Маскирана музичка група.

Согласно Правилникот за организација на Струмичкиот карневал во секоја категорија можат да се поделат по три награди: прва, втора и трета во износ:
- категорија А: 800 Евра; 700 Евра и 600 Евра;
- категорија Б: 500 Евра; 400 Евра и 300 Евра;
- категорија В: 350 Евра; 250 Евра и 150 Евра;
- категорија Г: 150 Евра; 100 Евра и 75 Евра;
- категорија Д: 150 Евра; 100 Евра и 75 Евра;
- категорија Ѓ: 100 Евра; 75 Евра и 50 Евра;
- категорија Е: 100 Евра; 75 Евра и 50 Евра; и
- категорија Ж: 100 Евра; 75 Евра и 50 Евра.

Вкупниот награден фонд изнесува 5.375 Евра во нето износ, односно околу 340.000 во денарска противвредност, или околу 460.000 во бруто износ поради ново воведениот данок од 35%.

Организациониот Одбор доделува и една награда во износ од 9.000 денари на конкурсот за карикатура и една награда за најдобра фотографија од 6000 денари.

Карневалот 2015 година ќе се одржува на истата маршрута како претходната година но со веќе напоменатите мерки за зголемување на бројот на гледачи вдолж маршрутата. Следејќи ги сознанијата од организацијата на карневалските активности од претходните години, новите законски прописи и горе наведените нови активности Одборот за организација на Струмичкиот карневал – 2015, го предлага следниот финансиски план:

**Предлог финансов план за организација на Струмичкиот карневал 2015 год.**

| а) | ***Расходи*** | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Награди на главна карневалска вечер +35% ....................... | 460.000 | |
| 2. | Изработка на пропаганден материјал ................................ | 185.000 | услуга спонзор |
| 3. | Поставување на билборди .................................................. | 185.000 | услуга спонзор |
| 4. | Трансфер на гости од аеродром и локален транспорт .......... | 185.000 | услуга спонзор |
| 5. | Ангажман за обезбедување на манифестацијата ................. | 185.000 | услуга спонзор |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6. | Огномет ..................................................................................... | 100.000 | |
| 7. | Детски карневал + 11% ......................................................... | 70.000 | |
| 8. | Озвучување на сите настани ................................................... | 150.000 | |
| 9 | Трошоци за групи од странство со carnival party + 11% ......... | 1.350.000 | |
| 10. | Трошоци за групи од земјата ................................................ | 60.000 | |
| 11.. | Трошоци за гости од FECC +11% ............................................ | 67.000 | |
| 12. | Трошоци за маскенбал .......................................................... | 150.000 | |
| 13. | Уредување на траса ............................................................... | 50.000 | |
| 14. | Монтажа и демонтажа на бини ................................................ | 90.000 | |
| 15. | Изработка на постери за изложба ........................................ | 120.000 | |
| 16. | Трошоци за чист понеделник ................................................... | 40.000 | |
| 17. | Костимирање на царска свита + 11% ..................................... | 12.000 | |
| 18. | Ангажман на водители +11% .................................................... | 20.000 | |
| 19. | Ангажман на домакини за гостинските групи +11% ............... | 10.000 | |
| 20. | Ангажман на редари за поворката +11% ............................... | 50.000 | |
| 21. | Поставување на мобилни санитарии ..................................... | 65.000 | |
| 22. | Награда за карикатура +11% .................................................. | 10.000 | |
| 23. | Програма пред главна карневалска поворка + 11% ............. | 30.000 | |
| 24. | Членарина за FECC ................................................................. | 20.000 | |
| 25. | Одржување и ажурирање на веб сајт + 11% ........................... | 10.000 | |
| 26. | За учество на наши групи на други карневали ....................... | 600.000 | |
| 27. | Градски оркестар и фанфари + 11% ....................................... | 25.000 | |
| 28. | Презентација на тримерски обичај .......................................... | 10.000 | |
| 29. | Изработка на монографија по повод 25 годишен јубилеј ..... | 300.000 | |
| 30. | Расходи и материјални трошоци за одборот +11% ................ | 100.000 | |
| 31. | За концерт под маски ......................................................... | 20.000 | |
| 32. | Изработка на медали за 25 годишен јубилеј .......................... | 100.000 | |
| 33. | Непредвидени трошоци ......................................................... | 50.000 | |
| | **Вкупно** | **4.964.000** | |
| 34. | Партиципација на карневалските групи за патување ........... | 800.000 | |
| | **Вкупно ..........................................................................** | **5.764.000** | |
| | Приходи по основ на услуги .................................................. | 740.000 | |
| | **Потребни реални материјални приходи ..........................** | **5.024.000** | |
| б) | ***Приходи:*** | | |
| | Буџет на општина Струмица ............................................... | 2.500.000 | |
| | Приход од спонзорства ......................................................... | 1.724.000 | |
| | Приход од спонзорство во вид на услуги .............................. | 740.000 | |
| | Партиципација на карневалски групи .................................. | 800.000 | |
| | **Вкупно** | **5.764.000** | |

Напомена: Во финансискиот план се прикажани и приходите во вид на услуги и средствата од карневалските групи и членовите на ОО кои ги партиципираат при гостувањата на Струмичкиот карневал со единствена цел да се добие вистинска претстава за вкупно потребните средства за активностите кои ги реализира Одборот за организација на Струмичкиот карневал во текот на годината.

За жал и годинава изостана подршката од Министерството за култура и покрај поднесените две апликации за разлика од карневалите во Вевчани, Прилеп и неколку други локални карневалски обичаи. Одборот цени дека овој буџет е реално планиран како резултат на долгогодишното искуство но е тешко остварлив, посебно делот на спонзорствата, и ќе треба да бидат вложени максимални напори истиот да биде реализиран.

Бр. 08-767/1 Совет на општина Струмица
27.01.2015 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

…………………………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10 и 21/10), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Програмата за решавање на проблемот со бездомните кучиња на подрачјето на Општина Струмица

Се објавува Програмата за решавање на проблемот со бездомните кучиња на подрачјето на Општина Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 27.01.2015 година.

Бр. 09-768/2 Општина Струмица
29.01.2015 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

..............................

**17.**

Врз основа на член 27 и 28 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/14), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10 и 21/10), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.01.2015 година, донесе

**П р о г р а м а**
**за решавање на проблемот со бездомните кучиња на подрачјето на Општина Струмица**

**1.** Вовед

Согласно Законот за заштита и благосостојба на животните, Општината е надлежна да врши собирање на бездомните кучиња, односно нерегистрирани кучиња и регистрирани кучиња, доколку се затекнат на јавни површини без присуство на сопственикот и привремено да ги сместат во соодветни објекти - прифатилишта. Во овие објекти треба да се обезбеди елементарна заштита на животните од непогодни временски услови и да се обезбеди нивно ефикасно затворање.

Заловувањето на бездомните кучиња ќе се врши од страна на квалификувани лица на начин кој нема да предизвика непотребна болка или страдање.

Прифатилиштата треба да обезбедат спроведување на соодветни мерки и персонал со цел за ефикасна заштита на животните, редовно хранење и напојување и доколку е неопходно лекување на животните. За контрола на популацијата на бездомните кучиња, општината, треба заловените бездомни кучиња привремено да ги смести во прифатилиште каде кучињата треба да се кастрираат, односно ојаловуваат, здравствено се третираат, на нив да се изврши превентивна здравствена заштита и тест за социјализација согласно со прописите од областа на ветеринарното здравство по што истите треба да се вдомат или вратат во реонот од каде што биле заловени. Бездомните кучиња треба да бидат трајно обележани со микрочип, а во случај на бездомни кучиња вратени во реонот на заловување и со други видливи средства за идентификација, на начин

кој нема да предизвика непотребна болка или страдање.

Трошоците за заловување и третман на регистрираните и нерегистрираните кучиња се на товар на сопствениците на кучиња, а во случај на бездомни кучиња на товар на општината.

Во случај на појава на заразна болест која може да се пренесе со кучињата, односно доколку постои опасност од појава на ваква болест, може да се направат исклучоци односно да се спроведе убивање на бездомните кучиња со средства за хумана еутаназија.

2. Содржина на Програмата

Со Програмата за решавање на проблемот со бездомните кучиња на подрачјето на Општина Струмица се предвидуваат следните активности:

- Заловување;
- Кастрирање;
- Дехелментизација – третирање против ехинококоза;
- Вакцинација против беснило;
- Трајно обележување микрочипување и видео обележување;
- Тест за Лаишманијоза (серопозитивните се еутанизираат);
- Враќање на животните на местото каде биле заловени;
- Еутаназија на позитивните на заразни болест, тешко болни, опасни кучиња , животни кои биле агресивни или нападнале човек и не можат да се ресоцијализираат и кои не го поминале тестот за ресоцијализација;
- Превентивна медицинска заштита; и
- Водење на регистар за сите заловени животни.

3. Обем на активности

Спроведувањето Програмата за решавање на проблемот со бездомните кучиња на подрачјето на Општина Струмица ќе се врши во соработка со здруженијата на граѓани од оваа област со избор по пат на јавен оглас на правно или физичко лице со соодветна лиценца согласно законските прописи.

4. Финансирање

Финансирањето на оваа Програма ќе се реализира со средства од Буџетот на општина Струмица за 2015 година.

5. Заврши одредби

За спроведувањето на оваа Програма ќе се грижи Секторот за урбанизам и комунални работи, а инспекцискиот надзор ќе го врши Одделението за инспекциски работи од областа на урбанизмот, комуналните работи, заштита на животната средина, патниот сообраќај и локални патишта и улици.

6. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 08-768/1 Совет на општина Струмица
27.01.2015 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

…………………………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03 и 2/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Програмата за одбележување на значајни настани и личности со спомен-обележја во Општина Струмица

Се објавува Програмата за одбележување на значајни настани и личности со спомен-обележја во Општина Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 27.01.2015 година.

Бр. 09-769/2 Општина Струмица
29.01.2015 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

...............................

**18.**

Врз основа на член 17 од Законот за меморијалните споменици и спомен обележјата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04 и 89/08) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10 и 21/10), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.01.2015 година, донесе

**П р о г р а м а**
**за дополнување на Програмата за одбележување на значајни настани и личности со спомен-обележја во Општина Струмица**

1. Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности во Општина Струмица со спомен-обележја во општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 22/12, 14/14 и 16/14) се дополнува:

I. во глава:

**Настани и личности што ќе се одбележат:**

со став 6:

- Спомен - обележје на загинатите пилоти од хеликоптерската единица на МВР

II. Во глава:

**Податоци за личностите и настаните за кои се предлага подигање на спомен-обележје**

Со став 5:

- Спомен - обележје на загинатите пилоти од хеликоптерската единица на МВР

Со поставувањето на Спомен - обележјето ќе се изрази почит кон споменот за: Драги Мицев – пилот на хеликоптерската единица, Марјан Трајковиќ – пилот – капетан, Тоде Орешков – воздухопловен инспектор, Ильо Лопатички – командир – пилот, кои загинаа во хеликоптерската несреќа што се случи на 10 јули 2014 година, во индустриската зона „Север" кај Кванташкиот пазар во Струмица.

2. Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица".

Бр. 08-769/1 Совет на општина Струмица
27.01.2015 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

…………………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03 и 2/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација и меѓународните активности на Струмичкиот карневал - 2015 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација и меѓународните активности на Струмичкиот карневал - 2014 година, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 27.01.2015 година.

Бр. 09-770/2 Општина Струмица
29.01.2015 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

..................................

**19.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03 и 2/06), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 26.12.2013 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Извештајот за реализација и меѓународните активности на Струмичкиот карневал - 2014 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација и меѓународните активности на Струмичкиот карневал – 2014 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица".

Бр.08- 770/1 Совет на општина Струмица
27.01.2015 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

.................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03 и 2/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за извршените работни задачи на Територијалната професионална противпожарна единица – Струмица за 2014 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за извршените работни задачи на Територијалната професионална противпожарна единица – Струмица за 2014 година, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 27.01.2015 година.

Бр. 09-771/2 Општина Струмица
29.01.2015 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.....................................

**20.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10 и 21/10), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.01.2015 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Извештајот за извршените работни задачи на Територијалната професионална противпожарна единица – Струмица за 2014 година**

1. Се усвојува Извештајот за извршените работни задачи на Територијалната професионална противпожарна единица – Струмица за 2014 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08- 771/1 Совет на општина Струмица
27.01.2015 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.